Бр. 02-640/23
29.6.2016 год.
Скопје

Врз основа на член 5, став 6 од Правилникот за користење на средствата од интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за активности поврзани со научноистражувачката дејност бр. 02-497 од 18.6.2010 година, бр. 02-151 од 16.2.2011 година и бр. 02-266/5 од 28.2.2012 година и по предлог на Комисијата за наука на Универзитетот, Универзитетскиот сенат на 2. седница одржана на 29.6.2016 година, ја утврди следнава

**ОДЛУКА**
**за финансирање на научноистражувачките проекти**
**за 2015/2016 година**
**(пречистен текст)**

**Член 1**

Се прифаќа Предлогот за доделување средства за финансирање на научноистражувачки проекти на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2015/2016 година бр. 09-64 од 13.1.2016 година и бр.09-64/3 од 13.5.2016 година, доставен од Комисијата за наука за следниве проекти на:

1. **Правен факултет „Јустинијан Први“**

Проект: Примена на меѓународното право за бегалци во поредокот на Република Македонија

Главен истражувач: доц. д-р Елена Михајлова

2. **Филозофски факултет**

Проект: Вмрежување на педагозите од Република Македонија и истражување на образовните потреби за зајакнување на нивните стручно-професионални компетенции

Главен истражувач: проф. д-р Анета Баракоска

3. **Филолошки факултет**

Проект: Паралелни фразеолошки корпуси

Главен истражувач: доц. д-р Биљана Мирчевска Бошева

4. **Фармацевтски факултет**

Проект: Антиоксидативна ицитотоксична активност на селектирани хербални суровини

Главен истражувач: проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска

5. **Факултет за ветеринарна медицина**

Проект: Унапреден клинички дијагностички пристап на застапеноста на кучешката ерлихиоза во Р. Македонија

Главен истражувач: доц. д-р Јована Стефановска

6. **Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“**

Проект: Пример за извонредност во креирање на дидактички игри со холистички пристап во предучилишното воспитание и образование

Главен истражувач: проф. д-р Марјан Малцев

**7. Шумарски факултет**

Проект: Истражување на развиеноста и структурата на крошната од староите-вековни дрвја од бука на Малешевските Планини

Главен истражувач: проф. д-р Николчо Велковски

**8. Економски факултет**

Проект: Студија за мерење на времето на царинење и пропуштање на стоките

Главен истражувач: проф. д-р Ирена Кикеркова

**9. Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија**

Проект: Дефинирање на унифициран пристап за обработка на записите од јаки земјотреси и соодоветни корективни техники

Главен истражувач: доц. д-р Марта Стојмановска

**10. Природно – математички факултет**

Проект: Културни политики и културното наследство: сеќавања од социјалистичкиот период во Македонија

Главен истражувач: доц. д-р Даворин Трпески

**11. Факултет за музичка уметност**

Проект: Мјузикл „Свирач на покривот“

Дигирент: Саша Николовски – Ѓумар

**12. Архитектонски факултет**

Проект: Преродбенските дострели во сакралната архитектура во Охрид

Главен истражувач: вонр.проф. д-р Елизабета Касапова

**13. Градежен факултет**

Проект: Компаративна анализа на состојбата на напрегања и деформации на камени брани со јадро/дијафрагма при варијација на нивото во акумулацијата

Главен истражувач: проф. д-р Љупчо Петковски

**14. Машински факултет**

Проект: Структурна анализа и синтеза на системите за управување и регулчација на малите хидроцентрали

Главен истражувач: проф. д-р Лазе Трајковски

**15. Стоматолошки факултет**

Проект: Современи методи за конзервативна санација на деструирани заби

Главен истражувач: проф. д-р Соња Апостолска

**16. Медицински факултет**

Проект: Евалуација на ефектите на методата ласер трабелкулопластика како почетна терапија кај пациентите со примарен глауком со отворен агол (ПГОА)

Главен истражувач: проф. д-р Весна Димовска Јорданова

**17. Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер**

Проект: Оптимализација и примена на режими и квалитет на хидротермичка обработка на дрвото – сушење на пилански сортименти

Главен истражувач: проф. д-р Горан Златески

**18. Технолошко-металуршки факултет**

Проект: Карактеризација на хибридни полимерни системи

Главен истражувач: проф. д-р Гордана Богоева Гацева

**19. Економски институт**

Проект: Причини за ниската акумулативна способност и ликвидност на претпријатијата од реалниот сектор во Република Македонија и можности за нивно подобрување

Главен истражувач: проф. д-р Неда Петроска-Ангеловска и проф. д-р Марија Ацковска

**20. Институт за сточарство**

Проект: Влијанието на додавање на мелена шипинка во исхраната на кокошки несилки врз производтсвото на јајца, квалитетот и антиоксидативниот статус

Главен истражувач: доц. д-р Наташа Ѓорговска

**21. Факултет за физичко образование, спорт и здравје**

Проект: Мотивираноста на студентите и физичката активност

Главен истражувач: проф. д-р Ленче Алексовска Величковска

**22. Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство**

Проект: Имплементација на софтверски системи за факултетски процеси

Главен истражувач: проф. д-р Иван Чорбев

**23. Факултет за ликовни уметности**

Проект: Темно

Главен истражувач: проф. д-р Јован Шумковски

**24. Институт за социолошки и политичко-правни истражувања**

Проект: Студија за млади во Република Македонија

Главен истражувач: доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ

**25. Факултет за електротехника и информациски технологии**

Проект: Изведба на електрично возило

Главен истражувач: д-р Гога Цветковски

**26. Факултет за земјоделски науки и храна**

Проект: Ставовите на македонските земјоделски производители во однос на воведувањето нови мерки во Програмата за рурален развој

Главен истражувач: д-р Ненад Георгиев

**27. Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“**
Проект: Свети Климент Охридски-Литературно дело и книжевна традиција
Главен истражувач: проф. д-р Ацо Гиревски

**28. Земјоделски институт**
Проект: Биолошка контрола на штетни инсекти на градинарските култури во заштитени простори
Главен истражувач: д-р Слободан Банцо.

**Член 2**

Средствата ќе бидат исплатени доколку бидат усвоени финансиските извештаи за претходно доделените средства.

**ПРЕОДНИ ИЗВАРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 3**

Се задолжуваат факултетите од точките 21, 22 и 23 во член 1 на оваа Одлука да ги променат главните истражувачи на проектите, а доколку тоа не е можно потребно е да достават образложение.

**Член 4**

За финансирање на научноистражувачките проекти на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2015/2016 година од оваа Одлука се доделуваат средства во износ утврден во Одлуката бр. 02-428/4 од 28.4.2016 година, донесена на 39. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 28.4.2016 година.

**Член 5**

Оваа Одлука да се достави до Универзитетскиот сенат за донесување конечна одлука.

**Член 6**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Р е к т о р**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

**Пречистениот текст опфаќа:**

- Одлука за финансирање на научноистражувачки проекти за 2015/2016 година бр. 02-111/6 од 28.1.2016 година
- Одлука за финансирање на научноистражувачки проекти за 2015/2016 година бр. 02-249/19 од 29.2.2016 година
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за финансирање на научноистражувачки проекти за 2015/2016 година бр. 02-111/6 од 28.1.2016 година
- Одлука за конкретна распределба на средствата за финансирање на научноистражувачки проекти на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2015/2016 година бр. 02-428/4 од 28.4.2016 година

Изготвил: Весна Марковска